Акционерско друштво за изградба и
стопанисување со станбен простор и со
деловен простор од значење на Републиката
СКОПЈЕ

| Примено: 15-04-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2505/1 | | |


Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барам да ми се достави следната информација.

Барател: [redacted], ул. [redacted]
Скопје, [redacted]

Информација од јавен карактер:

1. Дали има донесено правилник кој го третира проблемот на неправилно паркирање и паркирање на необележани места? (казни, блокатори на тркала и слично)
2. Барам да ми се доставaт на увид сите важечки правилници и одлуки кои се однесуваат на користење на катните гаражи и сметам дека истите треба да се објавени на веб страната на претпријатието како би можеле сите да се запознаат.
3. Дали соопштенијата на претпријатието е дозволено да се лепат насекаде низ катната гаража без потпис, печат и слично, а истите да не се објавуваат на веб страната а притоа се бараат лични податоци како фотокопија од лична карта и сообраќајна дозвола. (како да ги третираме истите во ситуација каде што секојдневно има се повеќе има измами и злоупотреби на лични податоци.

Сакам да се запознаам со содржината на бараната информација преку: електронски запис.

Барам информацијата да ми се достави преку: е-маил

Во: Скопје, 14.04.2025.
[redacted]

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-2505/5 | | 06-05-2025 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-2505/1 од 15.04.2025 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр.03-2505/1 од 15.04.2025 година за пристап до информација од јавен карактер, а по доставено барање од страна на лицето [redacted] во однос на прашања за катните гаражи со кои стопанисува АДИССДП

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-2505/1 од 15.04.2025 година за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со горенаведените барани информации, Ве известуваме за следново:

Согласно податоците добиени од страна на Подружница Скопје и Секторот за правни и општи работи во прилог ви ги доставуваме следните акти:

- Одлука за утврдување на цените на услуги и надоместоци за користење на просторот за паркирање во КГ Кресненско Востание, КГ Разловечко Востание, КГ Смилевски Конгрес и КГ Солунски Конгрес бр.02-6185/8 од 13.11.2024 година,
- Одлука за усвојување на Правилникот за работата на катните гаражи со кои стопанисува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје: "Разловечко Востание-Скопје","Кресненско Востание-Скопје", "Смилевски Конгрес-Скопје" и "Солунски Конгрес- Скопје" бр.02-6864/8-1 од 13.12.2024 година и
- Правилник за работата на Паркинг Национална Арена Скопје со кој стопанисува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр.02-626/6 од 30.01.2025 година.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

Во однос на соопштенијата за барање за доставување на лична карта и сообраќајна дозвола , ве информираме дека истите беа повлечени и отстранети веднаш по нивното поставување.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска